**20121323222**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 180/11), член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија” бр. 146/2009, 53/2011 и 126/2012), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2006, 88/2008, 31/2010, 36/2011 и 53/2011), член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/2008 и 116/2010), член 12 од Закон за вино („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/2010, 53/2011 и 6/2012), член 7 став 3 и 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр.49/2010 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.10.2012 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2012 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2012 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 22/12, 46/12, 68/12, 82/12, 97/12, 114/12 и 123/12), во делот II став 1 во табелата во мерката 1.16 во колоната „Име на подмерка“ зборовите „оризова арпа“ се заменуваат со зборовите „откупена или преработена оризова арпа“.

II

Во делот XI став 1 рокот „20.10.2012“ се заменува „30.10.2012“.

III

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија” .

Бр. 41-8023/1
20 октомври 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.